# ТУРИСТИЧКИТЕ АРАНЖМАНИ НА Т.А.СКАУТ ОТСЕГА И ВО СИНДИКАЛНАТА ПОНУДА НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Туристичката агенција СКАУТ потпишаа Договор за деловна соработка.

Со овој договор, на членовите на СОНК им се овозможува купопродажба на туристички услуги од асортиманот на Т.А. СКАУТ, по повластени цени, на одложено плаќање, без камата, преку задршка од плата.

Повеќе детали околу актуелните понуди на Т.А.Скаут можете да погледнете на следниот линк.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ГИ УТВРДИ КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Највисокиот орган на одлучување помеѓу два Конгреса, Советот на СОНК, на својата 28 – ма редовна седница утврди повеќе документи кои се од стратешко значење за претстојниот VII Конгрес на СОНК. Имено, по скоро еден месец јавна расправа во близу 600 синдикални организации на СОНК во целата држава, со можност за разгледување и давање на соодветни конструктивни забелешки и изјаснување по одредени прашања, Советот на СОНК го утврди конечниот текст на документите кои ќе бидат пред делегатите на Конгресот. На седницата беше утврден текстот на

следниве документи: Извештај за работа на СОНК во овој мандатен период, Програма за работа во новиот мандатен период, статутарни измени, утврдување на кандидат (и) за претседател на СОНК, деловник за работа на Конгресот, членови на надзорен одбор на СОНК, избор на работни тела на Конгресот итн.

Советот на СОНК, по добиените записници од 20 Регионални одбори, а врз основа на изјаснувањето на синдикалните организации на СОНК, како единствен кандидат за претседател на СОНК на претстојниот Конгрес го утврди досегашниот претседател Јаким Неделков, кој доби поддршка од 17 Регионални одбори.

VII Конгрес на СОНК ќе се одржи на 13 октомври 2021 година во Скопје, на големата сцена во Македонскиот народен театар, со почитување на пропишаните протоколи за работа и заштита за време на пандемија.

---

# СОНК СО ПРЕДЛОГ МЕРКИ ДО ОПШТИНИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ КОВИД-19

**Почитуван/а г-дин/ѓа градоначалник,**

Од името на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Ви се обраќам со ова писмо со мое лично убедување дека ќе му посветите максимално внимание и дека во рамките на Вашите надлежности ќе постапите по него.

Имено, Вие како градоначалник и како Општина имате големи надлежности врз организирање на работата и воспитно-образовниот процес во училиштата од Вашата Општина, а особено

во овој период на пандемија од смртоносниот вирус Ковид-19. Од таа причина, се обраќаме до Вас со упатување на неколку предлози од наша страна, со што сметаме дека ќе придонесеме заеднички во намалување на ризикот од ширење на заразата помеѓу вработените во училиштата и што е најважно, спречување на евентуални можни кобни последици.

1. Безусловно почитување на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, при што директорите на училиштата треба да изготват и спроведат Изјава за безбедност за секое работно место. Исто така, согласно овој закон, да се изработи Проценка на ризик на работните места, како и утврдување на Ковид возраст на вработените.
2. Како резултат од погоренаведеното, Ви предлагаме да извршите реорганизација на работниците и тоа:

-повозрасните работници и работниците кои имаат поголема Ковид возраст да се префрлат на работни места коишто ќе бидат со помала можност за физички контакт со други луѓе односно со помал ризик од зараза;

-работниците кои своите работни обврски можат да ги извршуваат по електронски пат од далечина, да им се дозволи тоа да го прават во домашни услови;

-на сите оние наставници, кои изведуваат настава од далечина од училишните простории, доколку изразат желба тоа да го прават во домашни услови, со сопствен интернет, компјутер итн., тоа да им биде дозволено од страна на директорот;

-на оние наставници, коишто патуваат до училиштето со јавен градски превоз или групирани во приватни возила, каде што за жал нема соодветни услови за настава од далечина, по нивно барање да им се овозможи настава од далечина од дома;

-во паралелките каде што се изведува настава со физичко присуство, освен веќе пропишаните заштитни мерки и средства, да се користат и UV светилки кои што се докажани во

стерилизација на просторот.

За дел од овие предложени конкретни мерки СОНК и МОН веќе разговараа и ги усогласија ставовите, а како резултат на тоа, од страна на Министерката за образование и наука, на 21.10.2020 година, беше упатено Известување до директорите на училиштата, со можност за организација и реорганизација на воспитно-образовниот процес.

**Почитуван/а,**

Во услови на секојдневно зголемен број на заразени и починати луѓе во државата, ова би бил наш заеднички скромен придонес во борбата за спречување од ширење на оваа опасна болест и од името на двете институции што ги претставуваме, како и според надлежностите што ги имаме, би биле пресреќни доколку се превземат конкретните предложени заштитни мерки и со тоа, како општествено одговорни лица, би спасиле можеби и многу човечки животи.

**Со почит,**

**Претседател,**

**Јаким Неделков с.р.**

---

# ОБЈАВЕН ИНТЕРЕН ОГЛАС за избор и именување на

# претседатели на Регионални одбори на СОНК

Советот на СОНК, како највисок орган помеѓу два конгреса, на својата 2-ра редовна седница, одржана на 2-12-2021 година, а согласно Статутот на СОНК, донесе Одлука за објавување на Интерен оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК.

Интерниот оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК, може да се погледне подолу:

- интерен оглас на македонски јазик
- интерен оглас на албански јазик

---

# Владата со нова тактика "трај- прај"

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија – СОНК реагира на начинот на носење на одлуки на Владата, особено од сферата на социјално-економскиот статус на работниците. Имено, на последната 37 седница на Владата, донесена е Уредба, со која на корисниците на буџетските средства за плати и додатоци на плати  им се укинува правото на исплата на додатоци и надоместоци на плата, согласно Закон и Колективен договор, за време на траењето на вонредната состојба.

СОНК сосема ја разбира моменталната состојба и економската моќ на државата во период на криза, ја разбира и потребата за

солидарност во овие тешки времиња за сите граѓани во државата, особено со најпогодените и најсиромашните, но ако зборуваме за солидарност, како социјални партнери, во најмала рака требаше да бидеме прашани или консултирани.

СОНК како претставник на околу 30.000 вработени во јавниот сектор и убедливо најголем синдикат во државата, реагира на непостоење на социјален дијалог и партнерство, кои се со закон задолжителни помеѓу социјалните партнери. Иако се наоѓаме во вонредна состојба, тоа не значи дека одредбите од законите се суспендирани и дека уредбите што ги носи Владата ќе се темелат исклучиво врз база на еднострана проценка. Од тие причини бараме, при носење на уредби со кои ќе биде намалена социјалната сигурност на работниците и другите права, да се почитуваат законите, особено Законот за работни односи, законите за дејности и Колективните договори. Впрочем, платите и надоместоците на плати се уредуваат со Закон, Колективен договор или Договор за вработување, па дури и во вонредна состојба овие акти не смеат да се суспендираат.

Од погоренаведеното, СОНК е убеден дека транспарентноста и социјалниот дијалог можат само да помогнат во овие тешки моменти за сите нас, а нашиот синдикат-СОНК во многу наврати и претходно е веќе докажан синдикат  кој што ги негува европските вредности на партнерство и социјален дијалог.

---

# ОДДРЖАНА СЕДМАТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК

# СОНК ГО ОСУДУВА НЕМАЊЕТО НА СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ И ПАРТНЕРСТВО

На седмата редовна седница на Советот на СОНК, која се оддржа на 2-09-2017 година , каде на Дневен ред беа сите актуелни прашања во дејностите што синдикално ги обединува СОНК, беа поканети надлежните ресорни министри и тоа: Министерот за труд и социјална политика, г-ѓа Мила Царовска; Министерот за образование и наука, г-ѓа Рената Дескоска и Министерот за култура, г-динот Роберт Алаѓосовски.

На поканата за присуство на седницата, се одзва и присуствуваше Министерот за труд и социјална политика со најблиските соработници, заменикот Министер за култура и соработник од Министерството за култура, додека пак од страна на министерствот за образование и наука ( иако беше најавено дека ќе присуствуваат овластени преставници ), не присуствуваше никој.

Во своето воведно излагање, претседателот Неделков подвлече дека во последните месеци социјалниот дијалог не е на потребното ниво. Ваквиот заклучок е поткрепен со тоа што досега раководството на СОНК има остварено по една средба со ресорните министри, а во меѓувреме се донесени повеќе законски и подзаконски акти кои директо навлегуваат во правата од работен однос и на нашето членство, а СОНК како релевантен социјален партнер не е консултиран , ниту повикан да учествува во расправа или изготвување на текстот на овие документи.



На седницата беа  отворени сите актуелни прашања од сите сфери на образованието и културата.

Министерот за труд и социјална политика, по однос на социјалниот дијалог и партнерство, истакна дека во иднина истиот  ќе се одвива непречено и надградува и со тоа ќе се дојде до решенија на отворените проблеми во дејноста.

Заменик Министерот во своето обраќање истакна дека се надева дека ќе се надмине проблемот со потпишувањето на Колективниот договор за култура.

Во продолжение на седницата, Советот на СОНК донесе Заклучоци во кои што се бара од ресорните министерства да почитуваат социјалниот дијалог и партнерсво на сите нивоа, со што благовремено би се  отстранувале сите недоразбирања по однос на сите отворени прашања. Исто така Советот на СОНК заклучи дека ќе се превземат конкретни активности за подобрување на

социјалниот статус на своите членови- зголемување на платите, како и енергично спротиставување кон сите оние кои што од позиција на власт ќе се обидат да ги нарушуваат правата на вработените, согласно Закон и Колективен договор. Особено СОНК ќе обрне внимание на најавуваните реформи во некои дејности со што е можно да се предизвикаат техолошки вишоци, на што енергично се противи и соодветно ќе реагира.

Исто така, Советот на СОНК најостро го осуди игнорантскиот однос на Министерството за образование и наука кон нашиот Синдикат, со што се искажува непочитување на повеќе од 90% вработени во образовни институции а се членови на СОНК, а воедно и непочитување на Закон, Колективни договори, Меѓународни конвенции и др., со што уште еднаш се потврдува нашето  кажување за непостоење на коректен социјален дијалог и партнерство на рамноправна основа.

СОНК уште еднаш подвлекува дека ќе ги употреби сите легални и легитимни средства за одбрана на правата и интересите на своите членови, кои му се загарантирани со правни документи.

---

# Срeќна учебна година




---

# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОНК

## НИТУ СТОПАТИ ПОВТОРЕНИ ЛАГИ – НЕМА ДА ПОМИНАТ ВО ВИСТИНА

Оркестрираната и диригирана хајка против Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, која дневно добива во жестина, сигурни сме дека како главна цел има разбивање на единството на Синдикатот и на ослабнување на неговата реална моќ, што ја има во одбрана на самостојноста и на правата на своето членство. Непобитен е фактот дека со очигледна поддршка од една од политичките партии во државата и со активно вклучување на неколку од информативните гласила, кои се блиски или под нивна контрола,

стана пракса, без малку секој ден да се повторуваат лаги преку поединци кои биле или формално сеуште се членови на нашиот Синдикат, а кои одамна се збогувале со сопствената чест и достоинство и без поговорно одработуваат туѓи нарачки.

Како поинаку да се толкува повторувањето на една лага во врска со платите во образованието, кои – ,, требало да се формираат според коефициенти од колективните договори и да бидат помножени со висината на минималната плата, за секое работно место поединечно" !!! Додатно, со неспроведување на таквата ,,законска" обврска, наставниците биле оштетени за 70 евра секој месец…"

Во оваа приказна особено зачудува фактот што најодговорните од СОНК, вклучително дури и Советот, кој е највисок орган на најголемиот синдикат во Р. Македонија, само пред една недела доставија Соопштение до јавноста , во кое во целост беше дадена постапката за формирањето на платите по колективните договори и што е правило кое се применува од страна на потписниците на истите. Но и покрај тоа, дел од средствата за јавно информирање и натаму ги пласираат опасните лаги и со перфидни наслови и текстови за отчленување од СОНК,…,, заради вршење на притисок од страна на раководството на Синдикатот врз членството за плаќање на синдикалната членарина…" Не сме сигурни дали се работи за свесна или потсвесна реакција од страна на таквите ,, коректни" новинари, но непобитен е фактот дека СОНК, постои и функционира, врз основа на синдикална членарина и нема додатни средства, особено не од фондации, Тогаш, каков е тоа грев на раководството да бара членовите да плаќаат членарина, која произлегува од малкуте обврски, за разлика од правата што ги имаат како членови на Синдикатот За која цена и за каква ,, мирна ноќ" го прават тоа и членовите кои наместо во сопствената организација проблемите ги,, решаваат" преку медиумите, како и тие што им помагаат во тоа – само тие знаат.

Со најголема одговорност, уште еднаш информираме дека минималната плата не е основица со која се формира висината на

платите според колективен договор, во било која гранка во приватниот сектор или дејност во јавниот сектор. Согласно член 105, точка 2  од Законот за работни односи во кој стои… ,, При исплатата работодавачот мора да го почитува **најнискиот** износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот"… Согласно Колективниот договор за средно образование во член 34, став 1 стои…,, **Најниската** плата за најнизок степен на сложеност ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој Колективен договор, најмалку еднаш во календарската година…" Ваква одредба  задолжително има во секој  колективен договор на ниво на работодавец  или на гранка, во кои меѓу другото, се регулираат и платите. Тоа значи дека во секој од тие колективни договори, социјалните партнери што ги потпишуваат истите се договараат за висината на **најниската** плата за најнизок степен на сложеност, кој потоа се множи со секој поединечен коефициент на сложеност за секое работно место.  Доказ за тоа е Спогодбата помеѓу СОНК и МОН, потпишана на 28-10-2014 година, во која јасно стои во точка 1 од истата… ,, **Најниската плата** за најнискиот степен на сложеност за вработените во средните училишта изнесува 12.492 денари,,… а во точка 3 од истата стои…,, Основната плата на работникот не може да биде пониска од објавената висина на **минималната** плата во бруто износ во тековната година,,… Многу јасно е како што е и во ЗРО и во колективните договори, дека станува збор за две сосема различни категории, кои патем кажано различни се носителите како надлежни на истите, како и корисниците. Тоа значи дека- износот на **гарантираната** плата ја утврдува Владата на Р.М. со Закон, со претходно усогласување околу висината на истата со социјалните партнери, атоа се репрезентативните федерации на синдикатите и репрезентативните организации на работодавачите. Минималната плата се однесува само на категорија на работници каде висината на нивната плата е пониска од **најниската плата** за најнизок степен на сложеност, утврдени со колективен договор.

Ја користиме оваа прилика, да укажеме на опасноста со

натпревар во наддавање на износ на минимална плата од било кои причини, а уште повеќе што токму СОНК е иницијатор за воведување на минимална плата во 2006 година, за кое имаме непоборливи докази и повеќе од 40.000 потписници на таа иницијатива во споменатата година. Од тука е и нашата дополнителна обврска дека, минималната плата неизбежно создава потреба од зголемување на платите во сите степени на сложеност на работните места, во секое претпријатие или установа и тоа соодветно на постоечкиот соодност по колективен договор или закон. Во спротивно, ќе се создаде урамниловка, со сите последици за кои не треба посебно да се елаборира. Уште поопасно е барањето или формирањето на мислење дека износот на минималната плата треба да биде износ со кој ќе се множат коефициентите на сложеност на работните места, со што би се зголемила просечната плата во државата, што многу наликува на пат послан со цвеќе, а кој води во пеколот.

Сакаме да завршиме со пораката дека, СОНК и натаму ќе остане самостоен и моќен Синдикат , кој максимално ќе ги штити и развива правата на своето членство, а ,, адутите" кои сега ги користат  разбивачите и помагачите на ,, непослушниот" СОНК , многу брзо ќе им се претворат во бумеранг.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК НА 05-09-2015 ГОД. ЈА ОДРЖА I-ТА СЕДНИЦА ВО НОВ СОСТАВ

**VI- ОТ КОНГРЕС НА СОНК ОДЛУЧЕНО ДА СЕ**

# ОДРЖИ НА 12 ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура (СОНК) во нов состав, по извршените избори во Регионалните одбори на СОНК во 2015 година, ја одржа 1- та редовна седница.

На почетокот, претседателот на СОНК, Јаким Неделков, кој раководеше со работата на седницата, имаше воведно излагање за активностите на СОНК во врска со спроведување на Одлуката за распишување на редовни избори во синдикалните организации и регионалните одбори за 2015 година. Претседателот Неделков истакна дека во еден дел од синдикалните организации беа пробиени и крајните рокови за одржување на изборите во истите, со што се создадоа објективни причини за пролонгирање на изборите во регионалните одбори на СОНК, а со тоа и причина за неминовно пролонгирање на активностите за одржување на VI-от Конгрес на СОНК. Исто така, од десетина синдикални организации на СОНК беа поднесени Приговори од група на членови на СОНК, со кои беше оспорена регуларноста на изборите и тоа беше дополнителна причина за одлагање на изборите во три регионални одбори на СОНК, а во два регионални одбори на СОНК поради годишните одмори и барање за пролонгирање на изборните состаноци од повеќе синдикални организации, сеуште не се извршени изборите во овие региони.

Советотна седницата утврди Предлог – Извештај за работата на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2010-2015 год., Предлог – Програма за активностите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.М. (СОНК), за периодот октомври 2015 – октомври 2020 год. и истите се ставени на расправа пред сите синдикални организации на СОНК, која ќе трае до 20 октомври 2015 година. Исто така, Советот на СОНК усвои Критериуми за предлагање на можни кандидати за претседател на СОНК, според кои синдикалните организации на СОНК ќе можат да дадат предлози за претседател на СОНК, кои

согласно Критериумите ќе бидат сумирани на ниво на Регионален одбор, а потоа ќе бидат доставени до Советот на СОНК.

Согласно претходно наведените пролонгирања на изборните активности во синдикалните организации и регионалните одбори на СОНК, Советот на СОНК едногласно одлучи да се продолжи рокот за организирање и одржување на VI – от Конгрес на СОНК, да се одржи на 12 декември 2015 година.

---

# ИНИЦИЈАТИВА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ШТРАЈК

**ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОНК ОД ГРАДИНКИТЕ**

## ИНИЦИЈАТИВА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ГРАДИНКИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ШТРАЈК

Раководството на СОНК на 24.08.2018 година одржа работна средба со претседателите на синдикалните организации на СОНК од детска заштита – градинките, на која што присуствуваа најголемиот дел на раководството од оваа дејност.
Исто така, на оваа работна средба беше поканет да присуствува и министерот за труд и социјална политика или овластени лица од страна на министерот, но за жал, на истата не присуствуваше министерот, ниту имаше образложение за неприсуство на претставниците од ова министерство.



На работната средба се отворија повеќе прашања и проблеми со кои што се соочуваат вработените, членови на СОНК од дејноста заштита на деца. Имено, главен акцент беше ставен на игнорантскиот однос од страна на ова министерство, поточно немањето социјален дијалог и партнерство со што би се надминале повеќето проблеми во детските градинки. Беа отворени и прашањата по однос на условите за работа во детските градинки како за вработените така и за децата кои што престојуваат и немањето услови за работа со двојно или тројно зголемен број на деца и непочитување на нормативите и стандардите утврдени во законските акти за оваа дејност.
Исто така, на работната средба претставниците го пренесоа незадоволството на вработените од детските градинки по однос на социјалниот статус, кое е на најниско ниво, како во државата така и во нашето опкружување. Со зголемување на најниската плата на национално ниво, еднострано е суспендиран веќе потпишаниот колективен договор, каде што за секое работно место е утврден соодветен коефициент, со што неколку работни места се изедначуваат со платите, а истите се приближуваат до носителите на дејноста.
По исцрпната дискусија на голем број вработени во градинките, на крајот од работната средба се донесе Заклучок дека, доколку

овие погоре посочени проблеми најитно не се решат по пат на социјален дијалог, раководството на СОНК да организира генерален штрајк во оваа дејност. За овие и други прашања што се во надлежност на СОНК, Советот на СОНК ќе расправа на редовна седница што ќе се одржи на 31.08.2018 година, на која ќе се донесе конечна Одлука за организирање на штрајк во детските градинки во Република Македонија.